Interreg – IPA CBC

CCI 2014TC16I5CB006

„Подобрување на бизнис капацитетите на органските производители во преку граничниот регион Бугарија – Македонија”

Федерацијата на Производители на Органски производи на Македонија и Асоцијацијата Савремие од Бугарија, започнаа со имплементирање на проектот Овозможување на Органското Производство во Прекуграничниот Регион. Проектот е финансиран од страна на ИПА програмата за прекугранична соработка.

Главна цел

Главната цел на проектот е да се поддржи органкиот сектор во преку граничниот регион БГ-МК преку зголемувањето на преку-граничната соработка на заинтересираните луѓе, мали и средни претпријатија и институции за здружено да се пристапи на заедничките предизвоци и да се искористат постоечките потенцијали преку прокетните активности и очекуваните резултати.

Главни проектни активности

Со проектот се предвидува изработка на студија за производниот капацитет и потенцијалот за раст на органскиот сектор во регионот со анализа на условите, предизвиците и извозните можности за органските производи. Потоа ќе следи развој на стратегија за зголемување на органското производство во прекуграничниот регион Бугарија – Македонија како појдовна точка за пофокусиран и одржлив развој на органскиот Сектор во регионот. Ќе биде воспоставен советодавен центар за органско производство во Струмица со цел да се овозможи трансфер на знаење и поддршка во зголемување на бизнис капацитетите постоечки органски бизниси и нови учесници во органскиот сектор. Заедничка интернет платформа за маркетинг и трговска размена (JMTE Organic) која ќе служи за промоција на органските бизниси и маркетинг на органските производи од регионот, но исто така ќе служи како алатка за дисеминација на знаење и информации. Заедничката интернет платформа (JMTE Organic) ќе вклучи и електронска база на податоци за производителите како и виртуелен изложбен простор за презентација на органските производи од прекуграничниот регион. Платформата ќе служи и за интернет промоција на постоечките и новите производни бизниси со органски производи од прекуграничниот регион кои се вклучени во органското производство. Промоцијата ќе биде во поглед на нивните можности за производство и нивните потреби за соработка со други производители на органските производи, добавувачи и трговци од регионот. Предвидено е и дополнителен развој и раст на регионална мрежа на органски производители за јакнење на органското производство. Исто така во рамки на проектот ќе биде изработен маркетинг прирачник за органски производители кој ќе биде достапен во печатена или електронска форма. Сите заинтересирани ќе имаат пристап до прирачникот за органско производство и преку интернет страницата на проектот. Прирачникот ќе претставува алатка за поддршка на деловните активности на органските бизниси и ќе содржи практични бизнис информации кои се секојдневно потребни. Во рамки на проектот ќе се организира и посета на меѓународен саем за органски производи. Дополнително ќе биде спроведена обука за користење на интернет платформата (JMTE Organic) и обуки за деловен развој, како и форум на регионалната мрежа и B2B секторски состаноци;

Целни групи на проектот се МСП производители и трговски компании активни во органскиот сектор, НВОа кои го поддржуваат развојот на органскиот сектор, образовни институции кои нудат обука во полето на органското производство, јавни институции одговорни за органскиот сектор, стартап претприемачи во органскиот сектор, потрошувачи заинтересирани за органски производи.

Главниот долгорочен резултат кој ќе се постигне преку имплементацијата на проектот ќе биде: Зголемената конкурентност на бизнисите кои се вклучени или сакаат да се вклучат во органско производство во прекуграничниот регион БГ-МК; Главниот резултат ќе се постигне преку постигнување на следните специфични резултати во проектот:

1) Подобрено прекугранично вмрежување на органскиот сектор со вклучување на одговорните јавни институции, локалните власти, бизнис секторот и невладиниот сектор;
2) Зајакнати деловен развој и извозни капацитети а органските бизниси од прекуграничниот регион;
3) Зголемена препознатливост на органските производни капацитети и бизнис можностите учесниците во органскиот сектор од прекуграничниот регион;
4) Подобрени и промовирани можности за инвестиции и трговска размена во прекуграничниот регион;
5) Привлечени, мотивирани и поддржани нови стартап бизниси во секторот за органско производство.